# AUSTRO-HUNGARIAN MILITARY REPORTS ON MIRZSTEG REFORMS IN MACEDONIA

**Verica Josimovska, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**verica.josimovska@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract:

During the early 20th century, the Macedonian issue in the Balkans gained intensity and attracted diverse audiences. The two major powers in the first tier, Austria-Hungary and Russia, created a reform programme in Mirzsteg that the Ottoman state was supposed to undertake in order to improve the position of its Christian populations. In the diplomatic sphere, Austria-Hungary has followed the events related to this initiative closely, but also took concrete actions in order to influence the processes in accordance with its interests and ambitions in the Balkans. Its role in implementing the reforms in Macedonia has been a subject of numerous reports written by the diplomatic and military officials.

## Keywords:

Macedonia, Mirzsteg Reforms, Austria-Hungary, diplomacy, 1903.

## Theme/s:

Diplomatic history, History of Macedonia, Geopolitics, Ottoman history.

д-р Верица Јосимовска

Мирцштегските[1] реформи се продолжение на реформските зафати на големите сили во решавањето на кризата во Османската држава. Поттикнати од репресалиите, крвопролевањата и суровоста на османските власти спрема христијанското население по илинденското востание големите сили барале проширување на веќе започнатите реформи познати уште како „Падарски реформи“ од почетокот на 1903 год.[2].

[1] Името го добила по местото Мирцштег каде во периодот од 30 септември до 2 октомври 1903 год. се воделе разговорите меѓу австриско-унгарскиот цар Франц Јосиф и министерот за внатрешни работи Голуховски од една страна и руската страна со царот Николај II и министерот за внатрешни работи Ламсдорф за финализирање на конечниот текст за реформите во Османската држава. Средбата била непосредно по Илинденското востание инспирирана од масакрите врз цивилното население со цел да се прошират реформите започнати од февруари 1903.

[2] Процесот на реформи во Османската империја започнува по Берлинскиот конгрес 1878 и траел до 1908 година, главно се однесува на европските владеења на империјата, поголемиот број поврзани посебно со македонското прашање на Балканот. Реформите требало да водат кон зачувување на територијалниот статус-кво на Балканот и подобрување на состојбата пред се на христијанското население. Со реформите наменети за Османската империја не биле опфатени Одринска Тракија и албанските земји. Преку реформите големите сили ги изразувале своите политички интереси и јасно се назирала поделбата на сфери на влијание. Главни интересенти за Балканот, се Русија и Австро-Унгарија одмерување на силите за остварување на сопствените политички амбиции. Во 1897 година двете држави потпишале спогодба која предвидувала реформски акции во Османската Империја, но кои главно се однесувале на територијата на Македонија. Стравувајќи од ширење на македонското револуционерно движење и пропагандите на балканските држави пред се Србија и Бугарија, кое би можело да ја загрози руската политика на Балканот, јасно било предвидено од територијата на Македонија да не се создава една административно- територијална единица со своја управа и наместо терминот Македонија да се користи терминот „трите вилаети“ и наместо Македонци да се користи „христијанско население“. Ваквите руски предлози биле прифатени и подржани од австроунгарскиот и францускиот министер за внатрешни работи. На ваквиот проект на Русија се надоврзува и султановиот ферман за реформи во трите вилаети на чело со „генерален инспектор“ од 1 декември 1902 год. За Ваквата терминологија да добие и меѓународен легитимитет со поддршка на потписничките на Берлинскиот конгрес, Австро-Унгарија и Русија на 21 февруари 1903 година упатиле пакет реформи до Портата која и го прифатила

Реформите само ќе бидат само изговор за поголема активност на политичките кулоари на европските држави под плаштот за заштита на населението да ги остварат своите политички интереси. Иако сите декларативно биле за статус-кво на Балканот сепак јасно се назирале политичките визии за поделба на сфери на влијание. Германија декларативно не била заинтересирана за овие реформи и настојувала да ги одржи добрите односи со Османлиската Империја па испратила само свој воен претставник во Македонија.

Дополнувањата во реформите од Мирцштег се однесувале на воспоставувањето на контрола врз дејноста на локалните отомански власти и при главниот инспектор Хилми Паша да се назначат цивилни претставници од Русија и Австро-Унгарија кои би имале обврска да се движат со главниот инспектор, да ги следат потребите на населението и да ги регистрираат злоупотребите на месните власти. Посебен акцент бил ставен на реорганизацијата на полицијата и жандармеријата, како најсуштествена мерка за смирување на ситуацијата во земјата. Реорганизацијата на жандармеријата во трите вилаети да му се додели на странски генерал, а во одделните окрузи големите сили да испратат воени лица кои ќе работат како контролори, инспектори и организатори, со што би се следело однесувањето на војската спрема населението. Третата точка предвидувала, откако ќе се утврди смирување на ситуацијата во земјата да се направи и нова територијално-административна поделба на судските единици со цел правилно да се групираат разните националности, и вклучување на христијанското население во судските установи. Реформите предвидувале и во вилаетите да се формираат мешовити комисии од христијани и муслимани за разгледување на политички престапи и извршени дела за време на востанието. Од османската власт се барале финансиски средства за надомест на штетите на христијанското население што ги загубило своите имоти и куќи, за поправка на црквите и училиштата, овозможување враќање на бегалците во родните места и една година ослободување од секаков данок. Заради големите насилства направени од башибозукот тие предлагале тој да се укине или да се замени со редовна војска. Сите овие реформи во проектот предвидвидувале Османската власт да ги спроведе без одлагање.[3]

истиот.(Види: Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни, Прилози од научен собир одржан 3-4 декември 2012, Скопје, МАНУ, 2013; Далибор Јовановски, Балканот од 1826 до 1913 година, Скопје, УКИМ, 2011.)

[3] Австриски документи за реформска акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909, предговор и редакција д-р Михајло Миноски, избор на документите и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје, ДАРМ, 2002, 58-59

Во телеграмата од Голуховски[4] до амбасадорот Каличе[5] го известува дека ваквата програма со реформи претставувала чисто пацифичка акција, преку која Австро-Унгарија и Русија имаат намера да и помогнат на Портата во обезбедувањето на мирот во државата и одржувањето на статус-квото но и да помогнат воподобрувањето на положбата на христијанското население. Исто така потенцирал да сеземе во предвид и желбата на Англија да учествува во контролата во спроведувањето на реформите, стравувајќи Англија да не формира самостојна мисија, а која би била подржана и од Италија или Франција и со тоа би се нарушила реформската акција. Секако се водело и сметка како Портата да ги прифати реформите без да и се врши притисок или да се условува со ултимативни барања.[6]

Интензивната дипломатска преписка и одлучност на големите сили за спроведување на реформите во ноември 1903 год. ќе ја принудат Портата декларативно да ги прифати предложените реформи но и се давало и можност за приговори.

Најпрвин биле назначени цивилните агенти Николај Демерик и Ритер Милер фон Рогхој. Иако спроведувањето на реформите започнало од наредната 1904 година, сепак спроведувањето на одреден реформски зафати се провлекувале во наредните години. Османлиската држава успевала да ги избегне одредбите врзани за реформите во буџетот одложувајќи ги до крајот на 1905 година кога била формирана Финансиска комисија, а во спроведувањето на реформите во судството постоеле големи несогласувања кај големите сили се до младотурската револуција кога биле вклучени во уставните реформи.[7]

За спроведувањето на реформите во жандармеријата бил изработен и предлог проект од австроунгарскиот потполковник барон Гисл. Во Предлогот се наведени општите гледишта и територијалната организација за секој вилает одделно, командувањето за што било предвидено еден генерал како врховен шеф, одреден број виши офицери и поддршка на офицерите, бројната застапеност, опремата, униформите[8]

---

[4] Голуховски Мариа Адам, австроунгарски министер за надворешни работи (1895-1906)
[5] Каличе, гроф Хајнрих, австроунгарски амбасадор во Цариград во периодот 1880-1906.
[6] Австриски документи за реформската акција 59-61
[7] Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје, 1989, 144-145
[8] На предлог на баронот Гисл, ангажираните странски офицери кои требало да стапат во турска служба требало да носат турска офицерска униформа и фес, што наишло на отпор кај руските претставници, особено амбасадорот Зиновјев бил изразито против фесот, сметајќи дека ниту еден руски офицер нема да се согласи да стави фес на глава. Наместо фесот бил даден предлог да се носи некоја капа или калпакот кој се употребувал во тогашните европските армии. (Австриски документи за реформската акција 70).

и вооружувањето, платите и буџетот. На предлогот имало повеќе забелешки за прашања кои се однесувале на командувањето, бројноста, дисциплината, разликите во образованието, јазичното разбирање помеѓу одделните офицери и подофицери и делотворноста на планираната реорганизација како и националното групирање во единиците.

На Портата се оставало да го изврши изборот на генералот, од странска националност, за шеф на реорганизација на жандармеријата, но и „за зачувување на својот престиж" и се оставала и можноста да ги земе во своја служба и да ги плаќа сите странски офицери.[9]

Усогласувањето на реформските зафати и не одело така брзо, така во извештајот на военото аташе полковникот барон Гисл во Цариград упатен до шефот на генералштабот на Австро-Унгарија,од 9 февруари 1904 година забележал дека додека големите сили ги усогласувале реформите, Портата вешто изнаоѓала начини да го попречи почетокот и продолжувањето на преговорите или го користела правото на приговори и измени во понудените предлог реформи. Особено дилемата и разликите кај големите сили, околу назначувањето на претставник за највисокото место во службата за реорганизација во жандармеријата и оставало простор на Османската држава за маневри и одолговлекувањето за спроведување на реформите. Најголем број забелешки од Високата порта се однесувале на утврдувањето на бројот на офицерите, финансиската поддршка и поделбата на инспекциските реони.

Австроунгарскиот и руски амбасадор во Цариград на 1 јануари 1904 година на Портата и предала барање за назначување на генерал кој ќе биде одговорен за спроведување на реформите во жандармеријата со предлог тоа да биде италијански офицер. Изборот на Портата да ги води реформите во жандаремријата паднал на италијанскиот генерал Де Џорџис.[10], а Австро-Унгарија воедно го назначила за аѓутант на генералот потполковникот Салис Севис.[11]

Портата го назначила генералот Мустафа Хилми –паша за командант на жандармеријата во трите вилаети, а генералот Де Џорџис би бил само организатор, а не и командант на жандармеријата со што само им дале до знаење дека Османската држава не ја пропушта можноста за целосна контролата над вилаетите.

---

па се предложила адекватна замена наместо фесот да се носи некоја капа или калпакот кој се употребувал во европските армии

[9] Австриски документи за реформската акција.....71-87

[10] Истото. 105

[11] Истото ....102

По бројните дискусии меѓу големите сили и Високата порта, во април 1904 година постигнат е договор за распоредување на странските офицери во одделните области. Скопскиот санџак бил доделен на Австро-Унгарија, на Англија- Драмскиот, на Русија- Солунскиот, на Франција-Серскиот и на Италија-Битолскиот санџак, со исклучок на деловите населени со Албанци кои не биле опфатени од реформите.

Министерот Голуховски предлагал чисто албанските кази во Скопскиот и Битолскиот вилает да бидат изземени од реорганизацијата на жандармеријата, зошто таму немало потреба од спроведување од планираните реформи. Не било мудро тамошното население да се дразни со одвишни мерки за отпор. Но реформата мора да ги опфати сите кази во Скопскиот и Битолскиот вилает што не се населени со чисто албанско население, односно казите со мешано албанско-српско население или казите каде постои загриженост од руските колеги.[12]

Во реформскиот процес не биле вклучени неколку санџаци од вилаетот на Косово (Скопје), каде претходно според ревидирањето на Берлинскиот договор, Австро-Унгарија имала право да ги задржи своите воени гарнизони (Сјеница, Нови Пазар, Плевље); трите санџаци со мешано албанско и српско население (Пеќ, Призрен и Приштина); а во битолскиот Вилает санџаците: Серфиџ, Елбасан, Дебар и поголемиот дел од Корча.[13]

Заради усогласеност на цивилните со воените претставници на силите воОсманската држава било предвидено формирање на постојан жандармериски совет.[14] Реформските усогласувања продолжиле и на терен. Странските офицери во рамки на жандармеријата доаѓале во судир со пониските административни и правосудни власти чии органи се придржувале на старите навики, жандармеријата да ја гледаат како алатка за реализацијата на своите цели, а со тоа и општата слика кај населението имала негативен став. Изградувањето на професионалноста кај жандармеријата била преку изведување на обуки, дополнителни инструктажи за неискусни офицери, како и

[12] Австриски документи за реформската акција 92
[13]Судирот на интереси меѓу Австро - Унгарија и Италија биле териториите со албанското население, делови од Битолскиот вилает и територии каде што живеела мешовита популација Срби и Албанци во Косово (во рамките на вилаетот Косово/Скопје) при што и двете сили се обидувале да создадат свои протекторати. Тоа била причината за посебниот интерес на Италија во реформите во трите вилаети, стравувајќи од идната интервенција на Австро-Унгарија на Балканскиот полуостров, особено на просторот на отоманската Албанија. (Г. Тодоровски, Србија и реформите во Македонија, Скопје, 1987,166. Г. Тодоровски, Реформите на големите сили во Македонија 1829-1909), т. 2, Скопје, 1984.)
[14] Австриски документи за реформската акција 204

отворањето на училиште за офицери во Скопје 29 октомври 1904 год.[15] За напредувањето во жандармериската служба зборува и Извештајот од полковникот Гисл[16] од 1906 год. во кој се вели дека излезените офицери од училиштето одговараат на барањата на жандармеријата и преку командувањето успеваат да ги одржат редот и дисциплината, а својата служба ја вршат на коректен начин. Ваквиот пристап покажал и поголема доверба од населението. Сепак реформските активности не оделе според предвидувањата.

Во извештајот на австроунгарскиот воен претставник во Цариград, полковникот Салис-Севис до министерот Ерентал во Виена од 16 декември 1907 година[17], три години од отпочнатите реформи, известува за состојбата во Македонија, со посебен осврт за дејствувањето на вооружените чети на пропагандите на балканските држави. Тој забележал дека со реформите било предвидено да се олесни и подобри судбината на христијанското население во Македонија, во услови кога постоело и револуционерно движење против корумпираната турска власт, но од она што се случувало на теренот сликата сосема се променила во последните години. Балканските држави со своите пропаганди, вооружени чети, посебно бугарските го вознемирувале муслиманското население и провоцирале одмазда, а со сето тоа тешко дека можело да се затвори „македонската рана“. Дури и турските власти повеќепати преку своите амбасадори во странство се жалеле од дејствувањето посебно на бугарските чети. И Извештајот на полковникот Гојгингер од Цариград од 8 јануари 1908 год.[18] зборува за резултатите од спроведувањето на реформите за тешкотиите и проблемите со кои се соочувале. Пред се го истакнува малиот број на жандармерискиот состав и тешкотиите при пополнувањето. Како причина наведува дека способните муслимани се примени во војската, додека христијанското население е ослободено од воена служба и во најголем број политички компромитирано. Иако жандармериското училиште подготвувало доволно подмладок, сепак поради неспособност, казни или смрт на офицерскиот кадар, бројот пак останувал скоро ист. Како проблем го истакнал и вооружувањето, истото не било обновено, често офицерите на илегален начин се опремувале со современ тип на револвери. Во поглед на безбедноста и тој го истакнува големиот број престапи од бугарските и српските чети со забележителен успех на властите во пресметките со бугарските чети. Четите во неколку наврати ги напаѓале дури и жандармериските

[15] Исто ..... 173
[16] Исто ..... 299
[17] Исто .... 342
[18] Исто .... 366-352.

патроли со евидентирани голем број мртви и ранети. Единствено мирот и безбедноста се стабилизирала со настапување на зимата и повлекувањето на вооружените чети од терен. Во извештајот е забележан и нерамноправниот третман властите кон разоружувањето на населението, оружјето било конфискувано од христијанското население, а на муслиманите им биле издавани дозволи да поседуваат оружје, но често и без дозволи за оружје тие го носеле јавно. И акциите на жандармеријата за конфискување на оружјето од населението завршувале без успех бидејќи властите подоцна тајно, истото го враќале на Албанците.

Извештаите кои пристигнувале од теренот само ја потврдувале очајната состојба. Пасивност, немање слух и добра волја од османските власти за спроведување на реформите, постојани борби меѓу балканските пропаганди, интензивно иселување на населението, економска заостанатост биле само дел од забелешките на известувачите. Наместо реформи кои требало да донесат мир и безбедност ситуацијата водела кон повторни преговори на големите сили и предлози за нови порадикални реформи во Османската држава.